

Виена, 29 април 1924 г.

1. ВМРО, во својство на вистинска револуционерна сила, се бори за ослободувањето и обединувањето на раскинатите делови на Македонија во една наполно самостојна (независна) политичка единица, во нејзините природни етнографски и географски граници. Таа смета дека политичкото постоење на Македонија може да биде гарантирано само во сојузот на самостојно определените балканска народи во формата на една Балканска федерација, којашто единствено ќе може да ги парализира анексионистичките стремежи на постојните балкански држави, да го осигури правилното разрешување на сите национални спорови, да го гарантира културниот развиток на сите етнографски малцинства.

2. Во својата борба за ослободување на Македонија и за образување на Балканска федерација, ВМРО смета пред се на обединетите сили на целото македонско население во соработка со револуционерните движења на другите балкански народи. А доколку остварувањето на таа задача зависи од меѓународната положба, таа смета исклучително на моралната поткрепа на европските револуционерни и прогресивни струи, а најглавно на сестраната морална и политичка поткрепа на СССР, кој денеска се јавува како единствена држава што се бори за ослободувањето на сите угнетени народи, за нивното вистинско самоопределување и федерирање и кој во својата балканска политика нема никакви империјалистички цели.

3. ВМРО ќе ја засили на најрешителен начин својата борба како против српската а грчката, така и против бугарската влада, кои се јавуваат или можат да се јават како орудија на свои или туѓи империјалистички стремежи спрема Македонија. Во таа смисла организацијата прекинува секаква врска и со софиските влади и ќе води борба против нивната политика.

4. Ценејќи го огромното значење на единствениот револуционерен фронт на Балканот за борба против балканскиот и европскиот империјализам, ВМРО најискрено ќе го даде целото свое содејство за поскорешното остварување на единствениот балкански револуционерен фронт, ќе влезе во близок контакт и ќе ја усогласува својата борба со борбата на сите вистински револуционерни движења во другите балкански земји, кои го прифаќаат и се борат за вистинското самоопределување на своите народи, за ослободувањето и обединувањета на Македонија во самостојна политичка единица и за нивното рамноправно сојузување во една Балканска федерација. Организацијата ќе влезе во контакт со комунистичките партии во балканските држави.

5. ВМРО наоѓа дека за образувањето на единствен македонски револуционерен фронт од суштествено значење е групирањето на сите револуционерни елементи на македонското движење во единствен македонски револуционерен фронт. Заради постигањето на единствениот македонски револуционерен фронт, Централниот комитет ќе го запре прогонот на групите што се борат против него и ќе направи постапка за да го обедини целото македонско движење.

6. За спроведување на горната директива, Централниот комитет ќе пристапи кон следните претходни мерки и дејства:

а) ќе издаде окружница до сите нему потчинети комитети и органи, во која ќе ги изложи политичките и организационите директиви што произлегуваат од оваа платформа;

б) ќе даде јавни изјави од името на организацијата во духот на оваа декларација;

в) ќе образува, од пратениците Македонци во парламентите на балканските држави, самостојни парламентарни групи, коишто ќе ја декларираат својата солидарност со другите парламентарни групи и политички партии што ја прифаќаат оваа платформа во нејзината целост;

г) ќе организира раководство на сите печатени органи што го заштитуваат делото на организацијата, врз коишто последната може да има влијание, така што да им биде

доверено на лица кои ќе ја спроведуваат оваа платформа;

д) ќе организира издавање и редактирање на специјален печатен орган во странство, кој, во рамките на легалната политичка пропаганда ќе се бори против европскиот и балканскиот империјализам, ќе ја заштитува идејата за самоопределувањето на балканските народи и за Балканската федерација и ќе ги подготвува претходните услови за единствениот балкански революционерен фронт. Редактирањето и издавањето на тој орган ќе биде организирано по можност преку заемно спогодување на сите заинтересирани фактори.

е) ќе назначи свој специјален делегат и ќе прими кај себе таков за взаемна врска меѓу Централниот комитет на Организацијата и владата на СССР.

*Виена, 29 април 1924 г.*

**Централен комитет на ВМРО**

*А. Протогеров*

*П. Чаулев*

*Т. Александров*